## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „СМЕТКОВОДСТВЕНИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ“ ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р БЛАГИЦА КОЛЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-194/10, донесена на 146. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 26.10.2017 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Биљана Ангелова, редовен професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов *„Сметководствени информациони системи“* од авторот доц. д-р Благица Колева, наменета за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Учебното помагало - скрипта „Сметководствени информациони системи” од доц. д-р Благица Колева претставува заокружена целина на материјата поврзана со местото и улогата на сметководствениот информациски систем во рамките на целокупниот информациски систем во претпријатието, која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет Сметководствени информациски системи. Скриптата е наменета за изучување на наведениот предмет од страна на студентите во трета студиска година (шести семестар) на Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Сметководствени информациски системи се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 3+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 216 часа, 8 кредити; четврта година (седми семестар) на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен, со неделен фонд на часови 2+1+1 и ВО (вкупна оптовареност) од 120 часа, 6 кредити.

**Податоци за обем на ракописот**

Скриптата содржи 142 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на сметководствени информациски системи. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Times New Roman и големина на буквите 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите во осознавањето за значењето, местото и улогата на сметководствениот информациски систем во рамките на целокупниот информациски систем во претпријатието, како и значењето на обработката на податоците и користењето и управувањето со информациите како ресурс на претпријатието. Посебно е значајно изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Сметководство, финансии и ревизија и Финансиски менаџмент; со оглед на фактот што

концепирањето и димензиите на сметководствениот информациски систем претставуваа најразвиен информациски систем во претпријатијата. Посебно внимание заслужуваат: системската структура, организацијата врз основа на датотеки (фајлови) и врз основа на база на податоци, анализа и дизајнирање на системот, контрола и заштита на системот, сметководствените трансакциски циклуси, како и совладување на речникот сврзан со користење на современите информатички средства и технологии. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со големо теоретско и практично значење, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот**

Содржински, трудот е конципиран во четири посебни глави, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следува кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава се обработени поимот, целите и задачата на сметководствениот информациски систем, како и местото и улогата на сметководствениот информациски систем во рамките на целокупниот информациски систем во претпријатието.

Во втората глава од материјалот се обработени прашања во врска со поимот, видовите и целите на сметководствениот информациски систем, како дел од поширокатa деловна анализа на работењето на претпријатијата.

Третата глава е посветена на методологија на организирање на сметководствените информациски системи и нејзиното место во гранката во која работи, како и развојот на информациски системи кои претставуваат повеќегодишен процес кој подразбира повеќе фази и активности од планирање на развојот до застарување на системот и негова замена и повлекување од употреба.

Во четвртата глава детално се разработени мерките за сигурност и заштита на податоците и на системот во целина, со цел да дојдат до израз предностите што ги овозможува информатичката технологија за унапредување на квалитетот на сметководството.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на сметководствени информациски системи сметаме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните методи и техники кои оваа анализа ги користи и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот да можат практично да ја осознаат техниката на процесот на анализа и дизајнирање на сметководствените информациски системи. Не само да прибираат, обработуваат и користат информации, туку да се оспособат истите и правилно да ги контролират и заштитат. Да бидат способни преку сметководствените информациски системи да ги откријат сите пропусти и негативности во работењето, кои понатаму ќе бидат предмет на коригирање, а истовремено да ги идентификуваат позитивностите кои треба да се стимулираат.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следново

**М И С Л Е Њ Е**

Скриптата „СМЕТКОВОДСТВЕНИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ“ од доц. д-р Благица Колева претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на сметководствениот информациски систем, како и сите деловни процеси што се одвиваат во организацијата. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат сметководствените информациски системи во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно

разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на процесот на анализа и дизајнирање на сметководствените информациски системи.

Со оглед на големото значење кое квалитетната анализа и дизајнирање на сметководствените информациски системи го има за успешното работење на деловните ентитети, како и за потребите на сите заинтересирани организации со цел да го пронајдат соодветното сметководствено информациски решение, сметаме дека трудот ќе даде придонес во збогатување на материјата што ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме скриптата со наслов „Сметководствени информациони системи" од доц. д-р Благица Колева да ја одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Биљана Ангелова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вонреден професор, с.р.**